65 години

**МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ХРАНА**

**XXXVII СРЕДБА ФАКУЛТЕТ - СТОПАНСТВО**

**IV МАКЕДОНСКИ СИМПОЗИУМ ЗА ЛОЗАРСТВО И ВИНАРСТВО**

**VII СИМПОЗИУМ ЗА ГРАДИНАРСТВО И ЦВЕЌАРСТВО**

**12-14 ДЕКЕМВРИ, 2012**

**СКОПЈЕ**

## ВТОРО СООПШТЕНИЕ

Почитувани,

Поради големиот интерес за учество на МЕЃУНАРОДНИОТ СИМПОЗИУМ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ХРАНА, продолжен е рокот за пријавување на апстракти, доставување на трудовите и известување за прифаќање на трудовите.

Ве покануваме да земете учество во работата на МЕЃУНАРОДНИОТ СИМПОЗИУМ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ХРАНА, по повод 65 годишниот јубилеј на Факултетот за земјоделски науки и храна, кој ќе се одржи во периодот од **12 до 14 декември, 2012 година** во Скопје, Македонија. Меѓународниот симпозиум нуди можност да се соберат научниците и експертите од земјава и од странство со цел да се споделат идеите, искуствата и научните предизвици во сферата на земјоделството и храната. Меѓународниот симпозиум ќе ги опфати следниве тематски области:

- ПОЛЕДЕЛСТВО
- ЛОЗАРСТВО И ВИНАРСТВО
- ГРАДИНАРСТВО, ЦВЕЌАРСТВО И ДЕКОРАТИВНИ РАСТЕНИЈА
- ОВОШТАРСТВО
- ГЕНЕТИКА И СЕЛЕКЦИЈА
- АНИМАЛНА БИОТЕХНОЛОГИЈА
- УПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
- КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА
- АГРОЕКОНОМИКА
- ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА-ФИТОМЕДИЦИНА
- ЗЕМЈОДЕЛСКА ТЕХНИКА

Презентацијата на трудовите на Меѓународниот симпозиум ќе биде усна или на постер.

**АПСТРАКТИ**

Апстрактите се поднесуваат електронски на следнава адреса simpozium65@fznh.ukim.edu.mk . Упатство за пишување на апстрактот: Текстот да биде со големина на букви 12, Times New Roman (со македонска поддршка за апстрактите напишани на македонски јазик). Апстрактот треба да содржи наслов, цели имиња на авторот(ите), институција/организација на авторот(ите), целосни адреси (институт, факултет, универзитет, улица и број, поштенски број, град, држава), вклучително и електронска пошта. Вкупниот број зборови во текстот на апстрактот да не надминува 250. Апстрактот треба да содржи и клучни зборови. Сите македонски автори треба да испратат апстракт на македонски и на англиски јазик. Името на презентерот на усната или постер-презентација треба да биде подвлечено. Апстрактот треба да содржи цел на истражување, применети методи и резултати. Авторите треба да означат дали сакаат да го презентираат трудот како усна презентација или постер-презентација, а конечната одлука за тоа ја донесува Програмскиот комитет.

Упатство е достапно на **http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/symposium-2012.html.**

**ПРИЈАВЕНИ ТРУДОВИ**

Трудовите ќе бидат рецензирани од страна на Програмскиот комитет и ќе се објават во Зборник на трудови. Упатството за пишување на трудовите ќе биде достапно на интернет адресата на симпозиумот **http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/symposium-2012.html**.

**ОФИЦИЈАЛЕН ЈАЗИК**

Официјални јазици на симпозиумот се македонски и англиски, а трудовите е потребно да се испратат само на англиски јазик.

**ПОВАЖНИ ДАТУМИ НОВО!!!**

- ПРИЈАВА НА НАСЛОВИ  И АПСТРАКТИ – 30.09.2012
- ДОСТАВУВАЊЕ НА ТРУДОВИТЕ- 20.10.2012
- ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ТРУДОВИТЕ – 10.11.2012
- УПЛАТА НА КОТИЗАЦИЈА ДО 30.11.2012

**КОТИЗАЦИЈА**

Котизацијата изнесува 60 евра и вклучува зборник на трудови и свечена вечера. Сместувањето не е вклучено во котизацијата. За да бидат трудовите објавени потребно е еден од авторите да има уплатено котизација. Уплатата на котизацијата за учество на Меѓународниот симпозиум за земјоделство и храна се врши на следнава сметка:

Корисник: Центар за применето истражување и перманентно образование во земјоделството – ЦИПОЗ

Бул. Александар Македонски бб, 1000 Скопје
Тел: ++389 2 3115 277
Факс: ++389 2 3134 310
SWIFT:  KOBSMK2X
Сметка: 300000001391113
Банка: Комерцијална банка АД Скопје

**ОРГАНИЗАЦИСКИ ОДБОР**
**(Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, Македонија)**

1. Проф. д-р ДРАГИ ДИМИТРИЕВСКИ - претседател
2. Проф. д-р ЕЛИЗАБЕТА АНГЕЛОВА - потпретседател
3. Проф. д-р ТАТЈАНА ПРЕНТОВИЌ - потпретседател
4. Проф. д-р ВЈЕКОСЛАВ ТАНАСКОВИЌ - потпретседател
5. Проф. д-р ЃОРЃИ МАРТИНОВСКИ
6. Проф. д-р ЗВОНИМИР БОЖИНОВИЌ
7. Проф. д-р ВЛАДИМИР ЏАБИРСКИ
8. Проф. д-р НЕНАД ГЕОРГИЕВ
9. Проф. д-р ТАТЈАНА МИТКОВА
10. Проф. д-р ДАНЕ БОШЕВ
11. Проф. д-р РАДЕ РУСЕВСКИ
12. Проф. д-р СИЛВАНА МАНАСИЕВСКА-СИМИЌ
13. Проф. д-р СОЊА ИВАНОВСКА
14. Проф. д-р МАРЈАН КИПРИЈАНОВСКИ
15. Проф. д-р ДРАГИ ТАНЕВСКИ

**МЕЃУНАРОДЕН ПРОГРАМСКИ КОМИТЕТ**

1. Проф. д-р ЕЛИЗАБЕТА АНГЕЛОВА - Македонија
2. Проф. д-р ЕМИЛ ЕРЈАВЕЦ  - Словенија
3. Проф. д-р ЈОХАН КЛАЕС- Белгија
4. Проф. д-р БИЛЈАНА СКРБИЌ-Србија
5. Проф. д-р ДОМИНИК ВОДНИК- Словенија
6. Проф. д-р БРАНКА КРСТИЌ- Србија
7. Проф. д-р РАДМИЛА СТИКИЌ-Србија
8. Проф. д-р ПЕТАР СЕКУЛИЌ - Србија
9. Проф. д-р БРАНКО ЧУПИНА - Србија
10. Проф. д-р МИХАЉ ЃУРОВКА - Србија
11. Проф. д-р БОЖИДАРКА МАРКОВИЌ – Црна Гора
12. Проф. д-р ВЕЛИБОР СПАЛЕВИЌ - Црна Гора
13. Проф. д-р ХАМИД ЌУСТОВИЌ – Босна и Херцеговина
14. Проф. д-р БЕРНАРД КОЗИНА - Хрватска
15. Проф. д-р ДАВОР РОМИЌ - Хрватска

16. Проф. д-р АДРИАН МАЧИ - Албанија
17. Проф. д-р ХУСЕИН ДАУТ - Унгарија
18. Проф. д-р МИЉАН ЦВЕТКОВИЌ – Босна и Херцеговина
19. Проф. д-р ПЕТАР ХРИСТОВ - Македонија
20. Проф. д-р ДРАГОСЛАВ КОЦЕВСКИ - Македонија
21. Проф. д-р МИЛЕ ПЕШЕВСКИ - Македонија
22. Проф. д-р ЗОРАН ДИМОВ - Македонија
23. Проф. д-р БИЉАНА ПЕТАНОВСКА ИЛИЕВСКА - Македонија
24. Проф. д-р ОГЊАН МАЧЕЈ – Белград
25. Проф. д-р АРГИР ЏИВОНДОВ – Бугарија
26. Проф. д-р ОЛГА НАЈДЕНОВСКА - Македонија
27. Проф. д-р МИРЈАНА ЈАРАК - Србија
28. Проф. д-р ХРИСУЛА КИПРИЈАНОВСКА - Македонија
29. Проф. д-р МИХАИЛ ПЕТКОВ - Македонија
30. Проф. д-р ЉУПЧО ЈАНКУЛОВСКИ – Македонија

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СЕКРЕТАРИЈАТ НА СИМПОЗИУМОТ**

Проф. д-р ТАТЈАНА ПРЕНТОВИЌ

**МЕСТО И ВРЕМЕ НА ОДРЖУВАЊЕ НА СИМПОЗИУМОТ**

Меѓународниот симпозиум за земјодество и храна ке се одржи од 12 до 14 декември, 2012 год на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Р. Македонија. Во рамките на симпозиумот ќе има презентации на компани од агрокомплексот.

**ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ**

Информации во однос на сместувањето и транспортот ќе бидат истакнати дополнително на интернет адресата на симпозиумот http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/symposium-2012.html.

ОРГАНИЗАЦИСКИ ОДБОР
Претседател
Проф. д-р Драги Димитриевски